**ЗАПИСНИК**
**од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 25.08.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала втор кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.08.2022 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.08.2022 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Ирис од Штип за прекршување на член 15 од Законот за медиуми.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ.

7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
8. Предлог за поведување прекршочна постапка на Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.
9. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.08.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 17.08.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТВ Ирис од Штип за прекршување на член 15 од Законот за медиуми. Објасни дека овој радиодифузер и понатаму продолжува да функционира со сериозни проблеми и скоро секоја седница е предмет на изрекување на некаква мерка од страна на Советот. Овој пат радиодифузерот не ја исполни обврската од член 15 од Законот за медиуми односно на сопствената програма не ги објави податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето. Од таа причина се предлага да се изрече мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.03-2919/1 од 25.07.2022 година и едногласно заклучи на ТРД телевизија ИРИС ДОО Штип да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 15 став 3 од Законот за медиуми, затоа што во вториот предвиден рок не ги објави на сопствената програма податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник/уредници и за изворите на финансирање во претходната година (реклами, спонзорство, продажба на содржини, услуги обезбедени на трети страни и слично) и до Агенцијата не достави снимка од објавата во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 4, 5, 6 и 7**

Г-дин Петрушевски објасни дека Точките 4, 5, 6 и 7 се однесуваат за еден ист медиум но со различни прекршувања на Законот. Праша дали прекршувањата се констатирани од ист надзор, на што од службата му беше одговорено дека констатациите се од еден надзор направен на 4 јули 2022 година. Во таа насока предложи да се даде еден заеднички вовед и дискусија по точките а гласањето да биде за секое прекршување посебно.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3, член 64 став 1, член 92 став 1 од ЗААВМУ и поради прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека со редовниот програмски надзор реализиран во јули кај ТВ Шутел беа констатирани неколку прекршувања. Првото се однесува на правилата за заштита на малолетни лица. Констатирано е дека блок анимирани филмови за деца од продуцентот „Worner bros“ и две епизоди од образовно-забавната програма „Islamsko serija“, беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација и без да бидат класифицирани во соодветната категорија програми, а пред почетокот на играниот филм „Џош и Сем“ не беше аплицирана соодветната предупредувачка сигнализација. Од таа причина се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали се усогласил со Законот. Второто прекршување, Точка 5, е на член 64 од ЗААВМУ и се однесува на обврските околу јазикот на емитување на програмата. Со надзорот е констатирано дека се емитувани цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел. Од таа причина се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 15 дена од денот на приемот на решението а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали се усогласил со Законот. Во врска со третото прекршување, Точка 6, објасни дека се однесува на член 92 став 1 од ЗААВМУ, односно радиодифузерот не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела. Од таа причина се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението а потоа да се направи контролен надзор за да се провери дали се усогласил со Законот. Последното прекршување се однесува на член 14 од Законот за медиуми односно во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресум што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис. И за ова прекршување се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување

од 45 дена од денот на приемот на решението а потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали се усогласил со Законот.

*гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2931/1 од 25.07.2022 година и еднogласно заклучи на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 4 јули 2022 година блок анимирани филмови за деца од продуцентот „Worner bros" и две епизоди од образовно-забавната програма „Islamsko serija", беа емитувани без соодветна предупредувачка сигнализација и без да бидат класифицирани во соодветната категорија програми, а пред почетокот на играниот филм „Џош и Сем" не беше аплицирана соодветната предупредувачка сигнализација.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 50 став 3 од ЗААВМУ и на член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2864/1 од 19.07.2022 година и еднogласно заклучи на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 64 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 4 јули 2022 година, емитувани се цртани филмови изворно на англиски јазик, без да се обезбеди превод на ромски или на македонски јазик, јазиците на кои што медиумот емитува програма согласно дозволата, а исто така не е обезбеден превод од хрватски јазик на ромски или на македонски јазик во искажувањата на Тереза Кесовија и на Северина во емитуваните снимки од нивните концерти на програмата на ТВ Шутел.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-2863/1 од 19.07.2022 година и едногласно заклучи на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 92 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 4 јули 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 7*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-2929/1 од 25.07.2022 година и едногласно заклучи на Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 4 јули 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка на Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово за прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик. Објасни дека овој радиодифузер за време на изборната кампања во повеќе наврати кои се прикажани табеларно во доставените материјали, ги надмина дозволените лимити за платено политичко рекламирање и тоа за неколку политички партии, СДСМ, ВМРО – ДПМНЕ и ЛЕВИЦА. Согласно Изборниот законик се предлага да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување бр.10-3240/1 од 24.08.2022 година на Трговско радиодифузно друштво ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово и утврди прекршување на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик.

Советот едногласно заклучи против ТРД ТВ К&М КИСС&МЕНАДА ДООЕЛ Тетово да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот радиодифузер спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 12, 16, 17 и 18 август 2022 година, во повеќе реални часови емитувана програма одвои повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од позицијата (Коалиција НАЈДОБРОТО ЗА МОЈАТА ОПШТИНА предводена од СДСМ), повеќе од 4 минути за платено политичко рекламирање за кандидатите за Советот на Општина Тетово од една од двете најголеми партии од опозицијата (ВМРО - ДПМНЕ) и повеќе од 1 минута за платено политичко рекламирање за политичка партија во Собранието на Република Македонија која на последните избори за пратеници не освои доволно пратеници да формира пратеничка група (Политичка партија - ЛЕВИЦА).

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

**Точка 9**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3223/8

06.09 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**